РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК — KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА — KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-2456/3
20-11-2025 г./v.

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19) и членот 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на својата 25-та седница одржана ден 12.11.2025 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

Постапката по предметот со број 12-596/1 од 06.02.2024 година, **СЕ ЗАПИРА,** поради тоа што за наводите од пријавата се води постапка пред друг надлежен орган.

Предметот со број 12-596/1 од 06.02.2024 година како завршен да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Државната комисија по пријава поднесена од непознат подносител, оформи предмет број 12-596/1 од 06.02.2024 година. Во пријавата се изнесени наводи за сомневања за неправилности во постапка за вработување во ---------------------- с.--------------, спроведена врз основа на јавен оглас бр.----------. Имено, во пријавата се наведува дека правниот субјект ------------- с. ---------, објавил јавен оглас за вработување, без да обезбеди согласност за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии и без да биде планирано предметното работно место со Годишниот план за вработување за 2024 година.

Заради утврдување на фактичката состојба, Државната комисија достави барање до Државниот инспекторат за труд, за вонреден испекциски надзор врз постапките за вработување во пријавеното правно лице во посочениот временски период во пријавата.

Државниот инспекторат за труд ја извести Државната комисија дека постапил по анонимна претставка со исти наводи и извршил вонреден инспекциски надзор, за што бил составен Записник со бр.ИП1 бр.-------- од 31.01.2024 година, кој го достави во прилог, во кој е констатирано дека кај субјектот на надзор не се утврдени неправилности во работењето од аспект и во рамки на законската надлежност на Државниот инспекторат за труд.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Воедно, ја извести Државната комисија дека во однос на наводите дека не била обезбедена финансиска согласност од Министерството за финансии, претставката ја доставил на надлежно постапување до Министерството за финансии - Сектор за финансиска инспекција во јавниот сектор и координација на борба против измама на ЕУ средствата, кој има законска надлежност да врши надзор над спроведување на одредбите од Законот за буџети.

Државната комисија побара информации од Министерството за финансии - Сектор за финансиска инспекција во јавниот сектор и координација на борба против измама на ЕУ средствата, од каде доби известување дека финансиската инспекција ќе постапува по доставената пријава и документација од Државниот инспекторат за труд, согласно со член 21 став 5 и член 44 став 2 од Законот за финансиската инспекција во јавниот сектор.

Врз основа на сето погоре наведено, Државната комисија утврди дека за предметниот случај постапил друг надлежен орган кој презел дејствија од своја законска надлежност и не утврдил неправилности во работењето и предметот го доставил на понатамошно надлежно постапување на Министерството за финансии - Сектор за финансиска инспекција во јавниот сектор и координација на борба против измама на ЕУ средствата, каде постапката е во тек.

Поради тоа, Државната комисија оцени дека нема елементи за натамошно постапување по предметот и одлучи како во диспозитивот на одлуката.

**Заменик претседател**
**м-р Цвета Ристовска**

Изготвил: м-р Ф.Ј., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: С.С.М., Член на ДКСК